Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари – МАГО и Македонското лекарско друштво – МЛД, поддржани од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Националниот систем за електронско закажување и евиденција на медицински интервенции - Мој термин, ЈЗУ Клиника за радиотерапија и онкологија, Македонското здружение за цервикална патологија и колпоскопија (МЗЦПК), и Здружението за помош и поддршка на пациенти со гинеколошки заболувања – ФеминаМ, врз основа на заклучоците од реализираната панел дискусија оддржана на 20-ти септември - **светскиот ден за поддигнување на свеста за гинеколошките карциноми,** ги доставуваат следниве предлог иницијативи/поддршки:

1. Предлог иницијатива за изработка на Стратегија за зголемен опфат со редовни гинеколошки прегледи за превенција на гинеколошки карциоми и подобрување на квалитетот на животот на жените, како и заштеда на средства од терапијата за лекување на терминално болните пациенти.

2. Предлог иницијатива за опсежна анализа на буџетот на МЗ и проценка на можностите за имплементација на новите препораки на Светската здравствена организација – СЗО во Националната програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања (скрининг за рана детекција на рак на грлото на матката) со имплементација на ХПВ тестирање.

3. Предлог иницијатива за едукација на секоја млада девојка и жена за само-тестирање за ХПВ - метода која е објективна дијагностика, не оставајќи простор за интерпретација на резултатите за разлика од цитологијата (ПАП тест), метода која може да спаси многу животи.

4. Поддршка на тековните активности на Националниот комитет за имунизација и отвореност за соработка при идните активности кои се планирани, со посебен осврт на едукација на родителите за ХПВ вакцина преку употреба на најразлични методи за нивна соодветна информираност.

5. Поддршка и активно учество на сите релевантни иституции во изработката на Националниот регистар на рак во склоп на платформата Мој термин,со кој би се добило активно следење на инциденцата, преваленцата, дијагностиката и терапијата на пациентките болни од рак.

6. Предлог иницијатива за имплеметација на т.н. „плава дијагноза“ во Мој термин со цел брзо и едноставно насочување на пациентите до дијагностички методи, третмани и нега – приоритетна патека за закажување.

7. Предлог иницијатива за повик до стручната комисија во ФЗО да направи опсежна анализа на буџетот и да направи проценка на можноста за финансиска помош на секоја девојка и жена која има потреба од зачувување на плодноста (замрзнување на јајни клетки или ембриони), а се соочува со карцином кој може да влијае на нејзината плодност.

8. Предлог иницијатива за реискористување/реупотреба на постоечките јавно здравствените капацитети во нови центри за палијативна нега во државата, со соодветна обука на здравствениот персонал.

9. Предлог иницијатива за подобра испланираност на бројот на специјалисти и специјализанти во одреден географски регион, како и финансиска покриеност на нивна континуирана медицинска едукација и професионален развој согласно најновите препораки на СЗО.